ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ
"ДЕБРЦА"
ОПШТИНА БЕЛЧИШТА

ПРИМЕНО: 23 08 2022

| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 328/1 | | |

До
Јавно претпријатие
за комунална дејност
Дебрца - с. Белчишта

Предмет: Барање на информација.

Од Стојан Горѓиоски од с. Ботун

Барам да добијам информација во писмена форма во кој рок ќе го реши проблемот со дивото приклучување на водоводите во општина Дебрца.

Со почит,

Барател

23. 08. 2022 год.

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ
"ДЕБРЦА"
Бр. 03-328/2
24 03 2022 год.
БЕЛЧИШТА

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( " Службен весник на РМ", број 101/2019 ), директорот на ЈП за комунална дејност Дебрца, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, број 03-328/1, од 23.08.2022 година, поднесено од барателот Јорданоски Стојан од с.Ботун општина Дебрца, донесе:

**РЕШЕНИЕ**

**1**.Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, приемен број 03-328/1, од 23.08.2022 година, поднесено од барателот Јорданоски Стојан од с.Ботун општина Дебрца, **се уважува како основано**.

**2**.Барателот да се запознае со содржината на бараната информација во рокот и на начин утврдени во член 21 став 1 и член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**3**.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Јорданоски Стојан од с.Ботун општина Дебрца ( барател на информација ) поднесе писмено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, број 03-328/1 од 23.08.2022година.
Предмет на барањето е доставување на следните информации од јавен карактер и тоа:

- Во кој рок ќе се реши прашањето со дивите прикчучоци на водоводите во општина Дебрца.

По разгледувањето на барањето се констатира следното :
Барањето е поднесено во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Барањето е потполно.

ЈКП Дебрца како имател на информации располага со дел од одговорите од бараната информација.

Барањето е оправдано и на истото позитивно да се одговори, во рокот утврден во член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно веднаш, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето.

Бараната информација да се достави до барателот, согласно со член 24 став 1 од Законот за слободен пристап до информации, односно со запознавање со содржината на бараната информација со доставување на: **одговор по пошта.**

**ПРАВНА ПОУКА :** Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**Постапката ја водел,**
Јасмина Мицкоска, службено лице за посредување со информации

ЈП за комунална дејност Дебрца
Директор
м-р Димче Андрески

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ "ДЕБРЦА" БЕЛЧИШТА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ
"ДЕБРЦА"
Бр. 03-328/3
29.08.2022 год.
БЕЛЧИШТА

**До**
**Стојан Јорданоски**
**С.Ботун**

**Предмет : Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Согласно Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 03-328/1 од 23.08.2022 година каде барате информација во кој рок ќе се реши прашањето со дивите приклучоци на водоводите во општина Дебрца, Ве информираме дека тоа е постојан и тековен процес во работењето на јавното претпријатие. Водоисталатерите кои покрај тоа што поправаат дефекти и вршат приклучување на водоводниот систем исто така и прават контроли на водомерите и детектираат диви приклучоци.

Повеќе пати во годината се формираат комисии од страна на Директорот на ЈКП Дебрца за контрола на исправноста на водомерите и откривање на диви приклучоци во одредени населени места.

Со почит.

ЈП за комунална дејност Дебрца
Директор
м-р. Димче Андрески

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ "ДЕБРЦА" * БЕЛЧИШТА *